TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

**До**
**Државна комисија за**
**спречување на корупцијата**

ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
TRANSPARENCY INTERNATIONAL-MACEDONIA
Бр. 0302 - 117
10.05 2017 год.
Скопје

**ПРЕДМЕТ:** Претставка

Почитувани,

Здружението Транспаренси Интернешнл – Македонија (ТИ-М) се обраќа до Државната комисија за спречување на корупцијата поради тоа што прибави информации кои укажуваат на прекршување на Законот за спречување на корупцијата од страна на политичката партија Демократска Унија за Интеграција (ДУИ).

Сомнежот за прекршување на Законот за спречување на корупцијата ТИ-М го темели на тоа што:

1. До нас преку медиумите стигнаа информации дека ДУИ одржала партиски митинг во СЦ Борис Трајковски на 20.11.2016 година, непосредно пред започнувањето на изборната кампања за предвремените парламентарни избори кои се одржаа на 11.12.2016 година, при што посетителите на митингот биле однесени со автобуси на ЈСП Скопје. Меѓутоа, според наводите во медиумите, ЈСП Скопје немало склучено договор за вршење превоз со ДУИ.
   Со цел да ги истражи овие наводи, ТИ-М се обрати до ЈСП Скопје со барање за слободен пристап за информации од јавен карактер, а од добиениот одговор заклучи дека ДУИ нема склучено договор за вршење превоз со ДУИ, но дека лицето Седат Кубур од Скопје склучило токму таков договор со кој се обезбедува превоз на лица од различни локации од и околу Скопје до местото на одржување на митингот на 20.11.2016 година. Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до ЈСП Скопје, одговорот добиен од нив и договорот за вршење на превоз бр.03-1908/1 склучен на 18.11.2016 година помеѓу ЈСП Скопје и Кубур Седат од Скопје се во прилог на оваа претставка.
   Во годишниот извештај за членарини и донации за 2016 година кој ДУИ согласно чл.25 од Законот за финансирање на политичките партии бил должен да го поднесе до Државниот завод за ревизија, а кој е достапен на веб страната на Управата за јавни приходи и е прикачен во прилог на оваа претставка, не се среќава името на лицето Седат Кубур како донатор на партијата. Со тоа ДУИ не ја пријавила оваа донација и го прекршила чл.27 од Законот за финансирање на политичките партии, а е прекршен и чл.8 ст.1 од Законот за спречување на корупцијата.

2. Во годишниот извештај за членарини и донации за 2016 година меѓу донаторите се јавуваат и АД Македонска Пошта (реден број 3 на списокот на донатори), општина Липково (бр.7), Државен студентски дом Пелагонија (бр.23), Дирекција за заштита и спасување (бр.28), ЈП Македонски железници – Инфраструктура (бр.29), АД Аеродроми на Македонија (бр.47), и Фонд за ПИОМ (бр.58). Со оглед на тоа што како донатори се јавуваат државни институции, претпријатија со доминатна државна сопственост и општина, прекршени се чл.8 ст.1, чл.10 и чл.12 ст.1 од Законот за спречување на корупцијата.

Имајќи предвид дека Државната комисија за спречување на корупцијата е надлежна за спроведување на Законот за спречување на корупцијата, бараме од вас да постапите по наводите од оваа претставка и во рок од 15 дена да нè известите нас и јавноста за преземените дејствија и за резултатот од истите.

Одговорот можете да ни го испратите по мејл на info@transparency.mk или по пошта на адреса ул.Наум Наумовски Борче бр.58 Скопје.

Во прилог:
Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-011 од 08.02.2017 година;
Доставување на барани информации од јавен карактер бр.03-4/3-1 од 08.03.2017 година;
Договор за вршење на превоз бр.03-1908/1 склучен на 18.11.2016 година помеѓу ЈСП Скопје и Кубур Седат од Скопје;
Годишен извештај за членарини и донации на ДУИ бр.03-03/17 од 06.04.2017 година.

Скопје,
10.05.2017 година

Со почит,

Методи Зајков

Генерален секретар,
Транспаренси Интернешнл - Македонија